СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ЕУ ВЕСТИ

**ЕУ ЦЕНТАР**
**февруари 2024 година**
**ЕУЦ-број 91/2024**

## ЕВРОПСКИ ПАРЛАМЕНТ - ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОШИРУВАЊЕТО



Извештајот на Европскиот парламент за проширувањето на ЕУ и реформите потребни за да се направи блокот способен да прифати нови членки укажува дека пристапот во Унијата секогаш мора да се заснова на заслуги, истовремено повикувајќи ги европските институции и членките на ЕУ да се реформираат и обезбедат дека отсуството на нивните реформи не го одложува приемот на нови членки.

Во Извештајот за продлабочување на интеграцијата во ЕУ се нагласува дека секоја земја на патот кон ЕУ треба да се оценува врз основа на исполнувањето на критериумите од Копенхаген.

Во извештајот за идното проширување на Унијата, европратениците ги поздравуваат аспирациите на бројни европски земји и нивните граѓани за пристапување во ЕУ, препознавајќи ја важноста на европската интеграција на клучните партнери (Западен Балкан, Украина, Молдавија, Грузија), како и важноста на регионалната соработка во рамките на Источното партнерство и Западен Балкан.

Се нагласува дека не може да има пречки кога се во прашање вредностите и основните принципи на ЕУ, како и дека владеењето на правото, демократските реформи, слободата на медиумите и почитувањето на човековите права треба да бидат на врвот во процесот на пристапување во ЕУ.

Се додава дека борбата против корупцијата и зајакнувањето на граѓанското општество се клучни предуслови за напредок на патот кон членство во ЕУ.

Европарламентот повикува за силен механизам за следење на реформите и напредокот постигнат од страна на земјата кандидат. Апелира да се воспостави специфичен и ефективен механизам за следење за заштита на неоснованите вредности и финансиските интереси на Унијата во контекст на процедурите за пристапување

Земјите од проширувањето се охрабруваат да продолжат решително да ги спроведуваат потребните реформи и да постигнат опиплив и неповратен напредок, почнуваајќи од основите во процесот на пристапување.

https://www.europarl.europa.eu/news/en

**Содржина на вести:**

| | |
|---|---|
| | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Самит на Западен Балкан во Тирана | 6 |
| Заштита на финансиските средства наменети за Западен Балкан | 6 |
| Регулативи за ревизија на повеќегодишниот буџет на ЕУ | 7 |
| Постигнат договор за реформа на буџетските правила | 7 |
| Извештај на ЕП за проширувањето | 8 |
| Хуманитарна помош на ЕК за 2024 година | 8 |
| Законот на ЕУ за „Зелена индустрија“ | 9 |
| Прв закон за вештачка интелигенција на ЕУ | 9 |
| Раст на економијата во Хрватска | 10 |
| Приоритети на дигиталната политика на ЕУ | 10 |
| Уделот на странските компании во ЕУ | 11 |
| ЕУ календар / март 2024 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 5-9 февруари 2024***

На февруарската пленарна сесија на ЕП европратениците дебатираа со претседателката на Европската комисија, Урсула Фон дер Лајен и претседателот на Европскиот совет, Шарл Мишел за исходот од одржаните самити на ЕУ, вклучително и Специјалниот европски совет од 1 февруари годинава.

Нацрт-правилата за ефектот на одредени дисквалификации за возење низ ЕУ беа усвоени со 372 гласа. За да се осигури дека суспензијата, ограничувањето или одземањето на возачката дозвола на нерезидент се применува во сите земји на ЕУ, новите правила бараат оваа одлука да се пренесе на земјата на ЕУ која ја издала возачката дозвола, истакнаа европратениците.

Европарламентот усвои нови гранични вредности на изложеност за олово, прв пат по 40 години. Новиот закон, договорен со земјите-членки и усвоен со 589 гласа, е со цел поефикасна заштита на здравјето на работниците.

Европратениците усвоија нови правила со цел да се обезбеди дека префрлени средства веднаш пристигнуваат на банкарските сметки на клиентите на мало и бизнисите низ ЕУ. Текстот договорен со земјите-членки на ЕУ, ги ажурира тековните правила на Единствената зона за плаќања со еврото (SEPA).

Романскиот претседател Клаус Јоханис во дебатата со европратениците ја подвлече важноста на дејствувањето на ЕУ базирана на единство, солидарност, кохезија и владеење на правото. Тој повика на целосно пристапување на Романија во Шенген зоната што е можно поскоро.

Европарламентот усвои став за преговори со земјите-членки за предлогот на Комисијата за нови геномски техники (НГТ), за менување на генетскиот материјал на еден организам, со 307 гласа. Целта е да се направи прехранбениот систем поодржлив и поотпорен преку развивање на подобрени растителни сорти кои се отпорни на климата, отпорни на штетници и даваат повисоки приноси или за кои се потребни помалку ѓубрива и пестициди.

Во резолуцијата усвоена со 461 глас Европарламентот посочи дека изборите одржани на 17 декември 2023 година во Сбија биле обележани со бројни процедурални недостатоци.

Одлуката на венецуелскиот Врховен суд за правда да ја дисквалификува Марија Корина Мачадо нема правна основа и таа и понатаму има право да се кандидира на изборите, се наведува во резолуцијата на Европарламентот усвоена со 446 гласа.

Европскиот парламент усвои три резолуции за прашањата за човековите права во Белорусија, Иран и Нигерија.

Во резолуцијата усвоена со 433 гласа Европскиот Парламент изрази сериозна загриженост за континуираните напори на Русија да ја поткопува европската демократија преку различни форми на мешање и дезинформации. Ова поради извештаите дека латвиската европратеничка Татјана Жданока можеби дејствувала како информатор на руската безбедносна служба.

Преговарачите од Европарламентот и Советот на ЕУ постигнаа привремен договор за картичката за попреченост на ЕУ и за паркинг картата на ЕУ за лицата со попреченост. Директивата има за цел да обезбеди кога патуваат на краток период, лицата со попреченост да имаат еднаков пристап до повластени услови, како што се намалени или нула влезни такси, приоритетен пристап и пристап до резервиран паркинг.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

***Пленарна сесија 26-29 февруари 2024***



Европскиот парламент со 546 гласа го одобри новиот закон, договорен со Советот на 30 ноември 2023 година, за да обезбеди поединци и организации кои работат на прашања од јавен интерес да добијат заштита на ЕУ од неосновани и навредливи тужби.

Европарламентот усвои нови правила за транспарентност и таргетирање на политичкото рекламирање, што ќе ги направи изборните и референдумските кампањи потранспарентни и поотпорни. Новите правила ќе ги регулираат политичките реклами, особено онлајн рекламите, а истовремено обезбедуваат рамка за политичките актери полесно да се рекламираат низ ЕУ.

Европарламентот ја одобри ревизијата на долгорочниот буџет на ЕУ - повеќегодишната финансиска рамка (МФФ). Ова ги вклучува Украинскиот фонд од 50 милијарди евра и „Платформата за стратешки технологии за Европа“ (STEP), која има за цел да ја направи ЕУ стратешки понезависна и да ги поттикне иновациите.

На пленарната сесија европратениците со 587 гласа ги одобрија ажурираните процедури на ЕУ и мерките за контрола за пратките на отпад.

Европскиот парламент со 520 гласа даде зелено светло за реформата на правилата на ЕУ за зајакнување на заштитата на географските ознаки за вино (ГИ), алкохолни пијалоци и земјоделски производи.

Европратениците усвоија измени на правилата за возачки дозволи кои вклучуваат мобилни возачки дозволи, самооценување на способноста за возење и подобра свест за пешаците.

Европратениците предупредија за назадување на демократијата во многу земји-членки и ја критикуваа неактивноста на Комисијата во заштитата на вредностите на ЕУ.

Европските пратеници го усвоија законот за справување со манипулациите на пазарот на енергија преку зајакнување на транспарентноста и надзорот.

Во усвоената резолуција Европскиот парламент најостро го осудува убиството на Алексеј Навални и ѝ дава целосна поддршка на Јулија Навални во нејзината решеност да продолжи со неговата работа.

Според усвоената регулатива новиот паричник за дигитален идентитет ќе им овозможи на граѓаните да се идентификуваат и да се автентицираат на интернет без да треба да прибегнуваат кон комерцијални провајдери - практика што предизвикува загриженост за довербата, безбедноста и приватноста. Паричникот на ЕУ ќе се користи на доброволна основа.

www.europarl.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Јован Митрески, на 7 февруари годинава оствари средба со Делегација на Бундестагот на Сојузна Република Германија, предводена од Јосип Јуратовиќ, претседател на Парламентарната група за Југоисточна Европа (ЈИЕ). На средбата присуствуваа и генералната секретарка на Собранието на РСМ, Цветанка Иванова, како и германските пратеници Томас Хакер, заменик – претседател и Штефан Браднер, член на Групата за ЈИЕ во Бундестагот и амбасадорката на Германија во земјава, Петра Декслер. На средбата Митрески искажа благодарност за донесената Резолуција во Бундестагот, со која се поддржува европската иднина на Северна Македонија и се оддава посебно признание на македонската култура, идентитет и јазик.



Средба со делегацијата оствари и Комисијата за надворешна политика, Комисијата за европски прашања и Пратеничката група за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија. На средбите беше искажана благодарност за донесените Резолуции во Бундестагот, со кои, меѓу другото Германија го поздрави Охридскиот рамковен договор, го поддржа почетокот на преговорите за ЕУ членство и ја призна македонската култура, идентитет и јазик.



На 9 февруари 2024 година на заедничка седница на Националниот совет за за евроинтеграции (НСЕИ) и на Комисијата за европски прашања (КЕП) амбасадорот на Кралството Белгија во Република Северна Македонија, Фредерик Мерис, ги презентира **Приоритетите на белгиското претседателство со Советот на Европската Унија, во првата половина од оваа година.** На седницата присуствуваа и амбасадорот и шеф на делегацијата на ЕУ во земјава, Дејвид Гир, амбасадорот на Унгарија, Андраш Клајн, и заменик-амбасадорката на Кралството Шпанија, Ана Грациа, како претседавачка тројка со ЕУ во период од една и пол година. Во своето обраќање, амбасадорот Мерис ги истакна 18-те приоритети на тројката Шпанија – Белгија - Унгарија, посебно образложувајќи ги шестте клучни приоритети на тековното белгиско претседателството: Одбрана на принципите на владеење на правото,демократијата и еднаквоста: Зајакнување на конкуретноста на пазарот на ЕУ; Зелена и правична транзиција; Зајакнување на социјалната и здравствената агенда; Заштита на луѓето и границите; Промовирање на ЕУ како глобален фактор.

## САМИТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН ВО ТИРАНА



Лидерите на Западен Балкан на 29 февруари 2024 година во Тирана одржаа самит посветен на европската интеграција на регионот и спроведувањето на Планот за раст за Западен Балкан.
На самитот присуствуваа премиерот на Северна Македонија, Талат Џафери, претседавачот со Советот на министри на Босна и Херцеговина, Борјана Кристо и претседателот на Србија, Александар Вучиќ.
На самитот учествуваа и европскиот комесар за проширување Оливер Вархеји и генералниот секретар на Советот за регионална соработка Мајлинда Брегу.
Самитот посветен на Планот за раст на Западен Балкан кој предвидува финансиска поддршка од шест милијарди евра, од кои две милијарди се неповратни грантови, а четири милијарди се поволни заеми обезбедени од ЕУ. Целта е да се поттикне економскиот раст на регионот и да се забрза социоекономската хармонизација.
Планот, усвоен од Европската комисија во ноември 2023, го опфаќа периодот од 2024 до 2027 година и предвидува секоја влада од Западен Балкан да добива одредена сума пари на секои шест месеци, во зависност од реформите што ги има спроведено во тој период.

https://apnews.com

## ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН



Во мислењето на Европскиот суд на ревизори, објавено на 7 февруари 2024 година, европските ревизори го поздравија воведувањето построги правила за финансирање од страна на ЕУ, со кои исплатата на средства како дел од Планот за раст, се поврзува со исполнување на одредени услови во рамки на реформските агенди за различните земји. Тие посочуваат на „ризик дека условите за исплата не се доволно амбициозни и индикаторите не се доволно јасни и мерливи“.
Европската Унија треба да изнајде начини за подобра заштита на средствата наменети за земјите од Западен Балкан преку Планот за растот на регионот, со што треба да им се помогне на овие држави да ги исполнат условите за членство во ЕУ.
Судот на ревизори дополнително предлага да се воспостават релевантни насоки за оценување на задоволително исполнување на условите неопходни за финансирање наведени во реформските агенди.
Во мислењето се потсетува дека со Планот за раст за поддршка на регионот за периодот 2024-2027 година се предвидени шест милијарди евра, од кои две милијарди евра неповратна помош (грантови) и четири милијарди евра позајмици. Судот констатира дека предлогот за создавање на Механизмот за реализација на Планот и самиот План за раст објаснуваат зошто економиите од Западниот Балкан треба дополнително да се доближат до ЕУ, бидејќи долг период се сметаше дека економската поврзаност меѓу ЕУ и шесте земји од Западниот Балкан - Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија, е недоволна.

https://www.eca.europa.eu

## РЕГУЛАТИВИ ЗА РЕВИЗИЈА НА ПОВЕЌЕГОДИШНИОТ БУЏЕТ НА ЕУ




Европската Унија на 28 февруари 2024 година усвои три регулативи поврзани со ревизијата на Повеќегодишната финансиска рамка на Унијата за периодот 2021-2027 година, вклучително и за финансиската поддршка на Украина и за Планот за раст на Западниот Балкан.
Пакетот законски акти ги опфаќа регулативите за измена на Повеќегодишната финансиска рамка, за воспоставување на Украинскиот механизам и за создавање на Платформа за стратешки технологии на Европа (СТЕП).
Овие три регулативи ќе го зајакнат долгорочниот Буџет на ЕУ во насока на справување со новите предизвици и со последиците од руската агресија врз Украина.
Со првата Регулатива за Буџетот на ЕУ се одвојуваат дополнителни 64,6 милијарди евра, од кои 50 милијарди евра наменети за финансиска поддршка за Украина, 7,6 милијарди евра за помош на европското соседство и останатите делови во светот, вклучително и за Планот за раст на Западниот Балкан. Регулативата за воспоставување на Украинскиот механизам превидува создавање на нов посебен инструмент за поддршка на обновата, реконструкцијата и модернизацијата на Украина. Регулативата за Платформа за стратешки технологии на Европа (СТЕП) има за цел создавање инструмент за мобилизација на инвестиции во областите на дигиталната, зелената и биотехнологијата, со цел зајакнување на суверенитетот на ЕУ и обезбедување долгорочна конкурентност на овие критични технологии. Преку оваа Платформа ќе се обезбедат финансиски стимулации и мерки за реализација на проектите за поддршка на критичните технологии во рамките на постоечките програми и фондови на ЕУ, како фондовите за кохезивна политика, за одбрана и за иновации, Механизмот за зајакнување и отпорност и програмите „Инвест ЕУ“ и „Хоризонт Европа“.

https://ec.europa.eu/commission

## ПОСТИГНАТ ДОГОВОР ЗА РЕФОРМА НА БУЏЕТСКИТЕ ПРАВИЛА




Европскиот парламент и земјите-членки на ЕУ на 10 февруари 2024 година постигнаа договор за реформа на буџетските правила на Унијата. Целта е да се обезбеди закрепнување на државните финансии и во исто време да се зачуваат инвестициите.
„Го поздравувам политичкиот договор за нашата амбициозна реформа на економското управување на ЕУ“, истакна Фон дер Лајен.
Мерката, за која се дискутира повеќе од две години, беше критикувана поради големата сложеност, а левичарските европратеници ја дефинираат како алатка за наметнување на штедење во Европа.
Договорот ќе им овозможи на земјите од ЕУ да ги спроведат новите правила при подготовката на своите буџети за следната година.
Реформата има за цел да го модернизира Пактот за стабилност, кој датира од доцните 1990-ти, кој го ограничува буџетскиот дефицит и државниот долг на секоја земја-членка на 3% и 60% од нејзиниот бруто домашен производ, соодветно. Оценета како премногу драстична, оваа рамка всушност не беше почитувана и се сметаше за застарена.
Реформата овозможува поголема флексибилност во потребата од прилагодувања во случај на преголем буџетски дефицит. Поконкретно, тоа им дава на земјите повеќе простор за маневрирање за да обезбедат одржливи нивоа на долг, давајќи им повеќе време да преземат реформи и инвестиции.

https://www.consilium.europa.eu

## ЗАКОНОТ НА ЕУ ЗА „ЗЕЛЕНА“ ИНДУСТРИЈА



Советот на ЕУ и Европскиот парламент постигнаа договор за регулативата со која се воспоставува рамка на мерки за зајакнување на европското индустриско производство на стоки со нето нула емисии на штетни гасови.

Регулативата, позната како „Закон за нето нула индустрија“ (НЗИА), има за цел постигнување на климатските цели на ЕУ преку користење на технологии при индустриското производство што ќе ослободуваат нулто ниво на гасови кои придонесуваат за ефектот на стаклена градина.

Законот има за цел да го поттикне инвестирањето во зелени технологии, со поедноставување на процедурите за добивање дозволи, поддршка на стратешки проекти, олеснет пристап до пазарот за стратешки технолошки производи, подобрување на вештините на европската работна сила и со создавање платформа за координирање на активностите на ниво на ЕУ.

Регулативата предвидува 40% од потребите на ЕУ за стратешки технолошки производи, како соларни фотоволтаични панели, турбини на ветер, батерии и топлински пумпи, да се задоволуваат од европското производство, како и складирање на најмалку 50 милиони тони јаглерод диоксид годишно до 2030 година.

Договорената верзија на законот превидува производствените проекти кои имаат поголем потенцијал за декарбонизација да имаат статус на „стратешки проекти со нето нула технологија“ со што би имале полесен пристап до градежни дозволи или пристап до финансии.

„Законот за нето нула индустрија“, заедно со Законот за критични суровини и со реформите на пазарот на електрична енергија, се трите клучни законодавни иницијативи на индустрискиот план во рамки на Европскиот зелен договор, чија цел е подобрување на конкурентноста на европската индустрија со нето нула емисии на штетни гасови и за поддршка на побрзата транзиција кон климатската неутралност.

https://www.consilium.europa.eu

## ПРВ ЗАКОН ЗА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА НА ЕУ




Земјите-членки на ЕУ на 2 февруари 2024 година, по интензивните преговори, одобрија закон за регулирање на вештачката интелигенција, соопшти белгиското претседателство со Советот на ЕУ.

Амбасадорите на 27-те членки на ЕУ на денешната средба „едногласно го потврдија“ политичкиот договор постигнат во декември меѓу земјите и европратениците, објави белгиското претседателство на „Х“.

Некои земји, вклучително и Франција и Германија, покренаа прашања за загриженост кои беа земени предвид пред да се финализира текстот.

Овој закон за вештачка интелигенција е важен чекор за воспоставување на првите правила на планетата за вештачка интелигенција, што ќе ја направи побезбедна и ќе ги почитува основните права на ЕУ, потврди белгиското претседателство.

Европскиот комесар за внатрешен пазар Тиери Бретон ја поздрави „историската и прва од ваков вид регулатива ширум светот“.

https://www.euractiv.com

## ХРВАТСКИОТ РАСТ ГИ НАДМИНА ОЧЕКУВАЊАТА НА ЕКСПЕРТИТЕ ВО 2023 ГОДИНА



Прелиминарните податоци објавени од страна на Хрватскиот завод за статистика (ДЗС) покажаа дека хрватскиот БДП пораснал за 2,8% минатата година. Растот на БДП во четвртиот квартал минатата година достигнал раст од 4,3% во споредба со истиот квартал од претходната година – податоци кои е подобро од она што независните аналитичари го предвидоа за 2023 година.
Макроекономистите на RBA очекуваа раст на БДП од 4% во четвртиот квартал, додека нивните претходни прогнози предвидуваа годишен раст на БДП од 2,6% за 2023 година.
Податоците на Евростат за 2022 година покажуваат дека БДП по глава на жител на Хрватска, изразен во ЈПП, ќе биде 73% од просекот на ЕУ во 2022 година.
Економската активност продолжи силно да расте и во 2022 година, со стапка на раст од 6,3%.
Според податоците на ДЗС, растот на БДП во последниот квартал од 2023 година е дванаесетти последователен квартал во кој хрватскиот БДП бележи континуиран раст на годишно ниво.
Во третиот квартал од минатата година, годишниот раст на БДП изнесуваше 3%, при што државната статистика покажа 2,2% во вториот и 1,6% во првиот.
Со стапка на раст од 4,3% во последниот квартал од минатата година, Хрватска се најде на првото место во ЕУ и во еврозоната, покажуваат податоците на ДЗС и Евростат.
Во последниот квартал од минатата година, стапката на раст на БДП во ЕУ беше 0,3%, додека кај членките на еврозоната беше само 0,1%, како што покажуваат податоците на Евростат.

https://www.euractiv.com

## ПРИОРИТЕТИ НА ДИГИТАЛНАТА ПОЛИТИКА НА ЕУ



На 19 февруари 2024 година Белгиското претседателство со Советот на ЕУ достави документ до делегациите на ЕУ за иднината на дигиталната политика на блокот во кој се истакнува дека треба да се даде приоритет на имплементацијата на веќе усвоените регулативи наспроти создавањето нови закони. Најзабележителниот дел од документот го истакнува „значителниот број законодавни акти на ЕУ кои се усвоени во дигиталната област во последниве години“.
Документот забележува дека постои „деликатна рамнотежа“ помеѓу поттикнувањето иновации и воспоставувањето заштитни мерки и ја нагласува потребата од обврски за онлајн платформите и интернет пребарувачите, преку Законот за дигитални услуги и Законот за дигитални пазари.
Во текстот се споменува дека за имплементација на Законот за вештачка интелигенција, „клучна е блиската соработка помеѓу Канцеларијата за вештачка интелигенција, Одборот за вештачка интелигенција и советодавниот форум“, а ефикасната имплементација е важна за „развивање и промовирање на доверливи“ технологии за вештачка интелигенција.
Според нацрт-заклучоците, Комисијата треба да размисли и за „идната улога на Европскиот центар за алгоритамска транспарентност надвор од Законот за дигитални услуги“. Вклучително Комисијата треба да „воспостави атрактивна рамка на политики за истражување, развој и распоредување на 6G, врз основа на соодветна проценка на покриеноста и барањата за капацитет за случаите на употреба на 6G и раната идентификација на потребите на спектарот“.

https://www.euractiv.com

## ПРОДОЛЖЕНИ МЕРКИТЕ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА ЗА ГАС ВО ЕУ



Министрите за енергија на земјите членки на ЕУ на Советот за транспорт, телекомуникации и енергија постигнаа политички договор за прифаќање на препораката на Европската комисија за продолжување на координираните мерки за намалување на потрошувачката за гас.

Подобрувањето на состојбата е резултат на мерките за намалување на потрошувачката на гас што ги преземедоа земјите членки врз основа на препораките на ЕК, како и на иницијативите преземени како одговор на енергетската криза предизвикана од руската агресија врз Украина.

Со мерките се предвидува намалување на потрошувачката на гас за најмалку 15% во споредба со просечна потрошувачка во периодот од 1 април 2017 година до 31 март 2022 година.

Советот заклучи дека се уште е потребно континуирано намалување на потрошувачката за да се обезбеди доволно складирање на енергенсот за следната зима.

Важноста на актуелните мерки за намалување на потрошувачката на гас истекува на крајот на март годинава, а со препораката на ЕК се предвидува нивно продолжување до 31 март 2025 година.

Следно, договорот треба и формално да се усвои од Советот на ЕУ, што се очекува да се случи во текот на месец март годинава.

https://ec.europa.eu

## ПАД НА НЕВРАБОТЕНОСТА ВО ИТАЛИЈА



Стапката на невработеност во Италија е најниска во последните 16 години, објави италијанскиот национален институт за статистика (Истат). Во јануари годинава изнесуваше 7,2%, на исто ниво како и во декември минатата година.

Бројот на невработени Италијанци се намали за 4.000 месечно на приближно 1.838 милиони луѓе. Во исто време бројот на вработени лица се намали за 34.000 на 23.738 милиони.

Споредбено, последните податоци со периодот од пред една година, бројот на вработени Италијанци е зголемен за 1,62% или за 362.000 лица во однос на јануари 2023 година.

Невработеноста кај младите Италијанци на возраст меѓу 15 и 24 години незначително се зголеми од 21,6% на 21,8%, но и понатаму на рекордно ниско ниво.

Стапката на невработеност во еврозоната според Евростат во јануари изнесувала 6,4% и сега е на историско најниско ниво.

https://www.euronews.com

## УСОГЛАСУВАЊЕ НА КОМПАНИИТЕ СО ЗАКОНОТ ЗА ДИГИТАЛНИ ПАЗАРИ




Компаниите „Епл“, „Алфабет“, „Мета“, „Амазон“, „Мајкрософт“ и „БајтДенс“, од 7 март 2024 година треба целосно да се усогласат со сите обврски од Законот за дигитални пазари на ЕУ (ДМА).
Законот воведува нови правила за интернет пребарувачите, сајтовите за електронска трговија и за купување на апликации, како и за онлајн рекламирањето, со цел да ги направи дигиталните пазари во ЕУ поконкурентни и поправедни.
Новиот сет правила ќе ги направи онлајн пазарите поотворени и поконкурентни за малите иновативни бизниси, нудејќи им фер шанса за работа, а на потрошувачи ќе им овозможи попристапни опции на интернетот. Со одредбите од законот се предвидува рамноправен третман за сите компании на интернет платформите, интероперабилност на услугите, продажба на апликациите и преку алтернативни канали.
Крајните корисници со Законот добиваат можности за поголем избор при купување, подобра контрола на своите податоци, полесно пренесување на податоците од една услуга или апликација на друга, како и можности за користење на алтернативни услуги за електронска идентификација или плаќања. Шесте компании треба да докажат дека се ефикасно усогласени со Законот за дигитални пазари и да доставуваат извештаи за преземените мерки за усогласеност и ревидиран опис на сите техники што се користат за профилирање на потрошувачите.
Законот за дигитални пазари, заедно со Законот за дигитални услуги, сочинуваат единствен сет на правила за создавање побезбеден дигитален простор во ЕУ преку заштита на основните права на корисниците и воспоставување рамноправни услови за игра.

https://ipwatchdog.com

## ХУМАНИТАРНА ПОМОШ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА 2024 ГОДИНА



Европската Комисијата усвои првичен годишен хуманитарен буџет од повеќе од 1,8 милијарди евра за оваа година, истакна портпаролот на ЕК за хуманитарна помош и кризен менаџмент Балаш Ујвари.
Од овие средства, околу 115 милиони евра ќе бидат насочени кон Југоисточна Европа и европското соседство за справување со последиците на руската агресија врз Украина и финансирање проекти за тековните потреби на земјите од Западниот Балкан и реонот на Кавказот и надминување на ефектите од минатогодишните земјотреси во Сирија и Турција.
Од вкупната хуманитарната помош на Европската комисија во 2024 година, речиси 470 милиони евра ќе бидат распределени на Блискиот Исток и Северна Африка за покривање на екстремните хуманитарни потреби во Газа, Сирија, Либан, Јемен и соседните земји.
Речиси 200 милиони евра се наменети за решавање на последиците од присилното раселување, недостигот на храна, акутната и хронична неухранетост, природните опасности и епидемиите во Сахел - Буркина Фасо и другите погодени области. Околу 315 милиони евра се резервирани за одговор на итни случаи и непредвидени хуманитарни кризи кои може да се појават во текот на годината.
Во 2023 година над 91% од придонесите за хуманитарна помош доаѓаа од само 20 донатори, меѓу кои првите тројца, вклучително и Европската комисија, обезбедија 58% од глобалното хуманитарно финансирање. Европската комисија од 1992 година има обезбедено хуманитарна помош во над 110 земји, помагајќи им на милиони луѓе ширум светот секоја година.

https://ec.europa.eu

## УДЕЛОТ НА СТРАНСКИТЕ КОМПАНИИ ВО ЕУ




Иако само 1,1% од компаниите во ЕУ биле под контрола или во сопственост на странци, тие придонеле за создавање на 22,5% од додадената вредност на пазарот на Унијата, покажуваат податоците на Европската статистичка агенција – Евростат.
Според Евростат во 2021 година од вкупниот број претпријатија под странска контрола во ЕУ, 59,4% биле во сопственост на фирми од друга држава членка во Унијата, а 40,6% на компании со седишта во земји надвор од блокот.
Најголем процент на странски претпријатија има во Луксембург или 29,2%, по што следуваат Естонија со 10,3% учеството на претпријатијата под странска контрола и Полска со 6,8%.
Во Европа постепено почнува производството на автомобили, по повеќенеделниот прекин на производството поради епидемијата на новиот коронавирус
Најмало учество на странски компании има во Белгија и тоа од само 0,1%, пред Италија со 0,3 и Франција со 0,4%.
Странските фирми имале најголемо учество во создавањето на домашната додадена вредност во Ирска и тоа од дури 71,9%, пред Луксембург со 55,5 и Словачка со 49,4%.
Најнизок удел на компании во странска сопственост во креирањето на додадената вредност од 14,7% има во Франција, пред Кипар со 15,6 и Германија со 16,7%.
Во однос на бројот на вработени, компаниите контролирани од странство креираат 15% од вкупните работни места.
Најголемо учество од 43,8% во вкупниот број вработени имаат странските фирми во Луксембург, по што следува Полска со 32,1 и Ирска со 28,2% удел.
Најмал процент од вкупниот број вработни лица во странски компании има во Грција и тоа од 7,5%, пред Кипар со 7,8 и Италија со 9,5%.

https://ec.europa.eu/eurostat

### ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ ВО ФЕВРУАРИ 2024 ГОДИНА

1. *Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка
2. *Закон за изменување и дополнување на Законот за Академија за судии и јавни обвинители, по скратена постапка

*ЕУ КАЛЕНДАР / март 2024*

1. *Состанок на Советот за надворешни работи, 18/03/2024, Брисел;*
2. *Состанок на Советот за општи работи, 19/03/2024, Брисел;*
3. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 11-14/03/2024, Стразбург.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: „11 Октомври“ бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации што се поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




